Врз основа на член 50 став (1) т.13, 14 и 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 30 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) и чл.7 и чл.8 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 03-663/1
03.03.2022 год.
КОЧАНИ

# ОДЛУКА
## за користење на средства за репрезентација со овластување за потпишување

Член 1

Средства за репрезентација можат да се користат за угостителски, ресторантски, кафетериски, хотелски и други услуги и намени кои имаат карактер на репрезентација, а се поврзани со вршење на службените работи за потребите на Општина Кочани.

Под службени работи кои се вршат за потребите на Општина Кочани се мисли на: посета на домашни и странски гости, државни делегации, функционери -претседатели, премиери, министри, градоначалници, секретари, советници, директори, раководители, претставници и делегации на меѓународни и домашни органи, организации и институции, претставници на самостојни и независни тела, здруженија, невладини организации и друштва, месни и урбани заедници, други органи и тела, домашни и странски гости, одржување на работни средби и состаноци, организирање на обуки, форуми, семинари, курсеви, бизнес состаноци и средби, организирање на културни и спортски настани и манифестации и други настани од областа на културата, спортот, образованието, социјалната заштита и други области на делување, средби и состаноци на колегиумот кој го раководи Градоначалникот, средби и состаноци со вработените во општинската администрација, средби и состаноци на советниците кои членуваат во Советот на Општина Кочани, празнување на празници, јубилеи, Празниците на Општината и градот Кочани, и други работи и службени потреби за Општината.

Член 2

Право на користење на средства за репрезентација имаат:

- Градоначалникот на Општина Кочани,
- Секретарот на Општина Кочани,
- Претседателот на Советот на Општина Кочани,
- Раководителите и Помошник раководителите на секторите и одделенија во општинската администрација,
- Вработените во Секторот за планирање и развој,
- Вработените во Одделението за јавни дејности и
- Вработен/те во општинската администрација задолжен/и за протоколарните активности на Градоначалникот и
- други вработени со посебно овластување.

Лицата од ставот 1 на овој член кои имаат право на користење на средства од репрезентацијата се овластуваат да ги потпишуваат фискалните сметки, сметко-потврдите, фактурите и другите документи поврзани со користењето на репрезентацијата и трошоците кои произлегуваат од истата..

Член 3

Средствата за репрезентација се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Врз основа на член 50 став (1) точки 13, 14, 15 и 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 24 и член 27 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани бр.3/06, 10/06, 4/08, 5/08, 9/08, 7/10 и 5/19“), член 2 став 1 од Правилникот за начинот и условите за користење на службените возила, сопственост на Општина Кочани и полнење на гориво за потребите на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани бр.13/2017), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 08-647/2
02.03.2022 ГОД.
КОЧАНИ

**ОДЛУКА**
**за користење на службените возила на Општина Кочани**

I.

(1) Службените возила на Општина Кочани ги користат за службени потреби Градоначалникот, Секретарот, вработените во Општина Кочани и вработените кои Општината ги ангажира преку Агенција за привремени вработувања, Претседателот на Советот и членовите на Советот.

(2) Под терминот службени потреби од ставот (1) на оваа точка се мисли на: користење на општинските возила за вршење на работи, задачи и цели поврзани со работата на Градоначалникот, Советот и Општинската администрација; за службени патувања во земјата и во странство; за учество на локални, национални и меѓународни обуки, презентации, работилници, настани, средби, состаноци и манифестации и др.настани; за вршење на теренски работни задачи; за тековни набавки на канцелариски и др.материјали; како и за други потреби и работи кои произлегуваат од работата на Градоначалникот, Советот и Општинската администрација, согласно пропишаните со закон и со подзаконски акти надлежности и делокруг на работа.

II.

(1) За користење на општинските возила за службени потреби за Градоначалникот, Секретарот и Претседателот на Советот не е потребно друго писмено одобрение, истите се овластени да ги користат службените возила со оваа Одлука.
(2) Раководителите/Помошник раководителите на секторите и одделенија во општинската администрација, можат да ги користат службените возила со одобрување од Секретарот и/или Градоначалникот со попишување на местото „Одобрил“ во Барањето за користење на службено возило за службени потреби.
(3) Вработените во општинската администрација и ангажираните лица преку АПВ во Општината, можат да ги користат службените возила со одобрување од раководителите/помошник раководителите на секторите и/или одделенијата или со одобрување од Секретарот или од Градоначалникот. Одобрувањето за користење на службено возило за службени потреби се врши со попишување на раководителот/помошник раководителот на сектор/одделение на местото „Одобрил“ во Барањето за користење на службено возило за службени потреби.
(4) Членовите на Советот можат да ги користат службените возила со одобрување од Претседателот на Советот или од Градоначалникот со попишување на местото „Одобрил“ во Барањето за користење на службено возило.

III.

(1) Користењето на општинските возила за службени потреби се врши во согласност со Правилникот за начинот и условите за користење на службените возила, сопственост на Општина Кочани и полнење на гориво за потребите на Општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани бр.13/2017).

**Градоначалник на Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**
_______________

Изготвил: А.К.
Одобрил: Д.Р.

Врз основа на член 50 став (1) т.13, т.14 и т.16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 6 став (3) од Правилникот за начинот на давање и примање на подароци, водење на евиденција за дадените и примени подароци и други прашања во врска со давањето и примањето на подароци бр.09-2258/1 од 15.12.2017 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.13/2017), Градоначалникот на Општина Кочани на ден 02.03.2022 година донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-648/1
02.03.2022 год.
КОЧАНИ

## РЕШЕНИЕ

**за овластување на лице за водење евиденција за дадени и за примени подароци и за складирање и чување на примените подароци**

Член 1

Се овластува вработената **Зана Наковска** да води евиденција за дадени и за примени подароци, како и да ги складира и чува примените подароци во архивата или друга погодна просторија на општината, на начин и во согласност со член 6 ст.2, ст.4 и ст.5 и чл.7 од Правилникот за начинот на давање и примање на подароци, водење на евиденција за дадените и примени подароци и други прашања во врска со давањето и примањето на подароци („Службен гласник на Општина Кочани" бр.13/2017).

Член 2

Овластеното лице од ставот 1 на ова Решение ги има следните задолженија:

- води годишна евиденција за дадени и за примени подароци,
- ги внесува податоците во евиденцијата истиот ден кога ќе му достават известувањето/ пријавата за даден, односно примен подарок,
- врши ажурирање на евиденцијата во делот на податоците за статусот на подарокот, односно местото и начинот на чување, складирање и изложување и
- се грижи за складирање и чување на примените подароци во согласност со членот 7 од Правилникот за начинот на давање и примање на подароци, водење на евиденција за дадените и примени подароци и други прашања во врска со давањето и примањето на подароци („Службен гласник на Општина Кочани" бр.13/2017).

Член 3

Со донесувањето на ова Решение престанува да важи Решението за овластување на лице за водење евиденција за дадени и за примени подароци бр.08-8/1 од 04.01.2021 година.

Член 4

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник на Општина Кочани
Љупчо Папазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Доставено до:*

- Зана Наковска
- Славица Давиткова
- Архива

# Општина Кочани

Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk * info@kocani.gov.mk

Врз основа на чл.50 став (1) т.13, т.14 и т.16 и чл.63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 5 од Правилникот за начинот и условите за користење на службените возила, сопственост на Општина Кочани и полнење на гориво за потребите на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани бр.13/2017), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 08-648/1
02.03.2022 год.
КОЧАНИ

**Решение**
**за овластување на лица за**
**полнење на гориво во службените возила**

Член 1

Во службените возила сопственост на Општина Кочани гориво можат да полнат следните лица:

1) Љупчо Папазов – Градоначалник,
2) Дејан Рашков- Секретар,
3) Христофор Манов – Добавувач,
4) Љупчо Бомбаширски - Возач,
5) Благој Паунов Командир на ТППЕ Кочани,
6) Влатко Димитров - Раководител на сектор за уредување и располагање со градежно земјиште (раководен административен службеник).

Член 2

Полнењето на гориво во службените возила на Општина Кочани се врши на бензинска/те станици на економскиот оператор избран во постапката за јавна набавка.

Член 3

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Со донесувањето на ова Решение престанува да важи Овластувањето на лица за полнење гориво во службените возила на Општина Кочани бр.08-8/7 од 16.07.2019 година.

**Градоначалник на Општина Кочани**

**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

Изготвил: Помошник раководител Анна Кралева

Одобрил: Секретар Дејан Рашков